**БАРАЊЕ 23-3383**

1. Одобренијата за градење, издадени за малите хидроцентрали:
1.1. Арх. Бр. 11-229 од 30.12.2024 – за МХЦ „Папрад“
1.2. Арх. Бр. 11-230 од 30.12.2024 – за МХЦ „Баров Дол“

2. Основниот и идејниот проект за малите хидроцентрали „Папрад“ и „Баров Дол“

3. Мислењата кои општината ги има добиено во постапката за издавање на одобренијата за градење согласно Законот за градење на малите хидроцентрали „Папрад“ и „Баров Дол“

4. Известувањето кое инвеститорот го доставил до општината за отпочнување со градба на малите хидроцентрали „Папрад“ и „Баров Дол“

5. Информација дали за изградба на конкретните хидроцентрали е одобрен урбанистички план (урбанистичка плансска документација) согласно Законот за урбанистичко планирање
5.1. доколку е одобрен да се достави вклучително и датумот кога е ставен на јавен увид и коментарите кои биле доставени

6. Акти кои ги изгласал советот на општината, а кои се однесуваат за малите хидроцентрали „Папрад“ и „Баров Дол“.

**ОДГОВОР 23-3383**

1. Во прилог Ви ги доставуваме
   1.1. Одобрение за градење со арх.бр. 11-229 од 30.12.20224 за МХЦ Папрад
   1.2. Одобрение за градење со арх.бр. 11-230 од 30.12.20224 за МХЦ Баров Дол;

2. Согласно член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Македонија бр.101/19) Општина Кавадарци не може да ви ги достави основниот и идејниот проект за МХЦ Папрад и Баров Дол бидејќи истите се информации кои ги загрозуваат правата од интелектуална сопственост (авторско право);

3. Во постапките за издавање на одобренијата за градење добиени се позитивни мислења односно согласности од страна на субјектите од членот 59-в од Законот за градење до кои беше доставено барање за увид во основниот проект и истите ви ги доставуваме електронски;

4. Инвеститорот има доставено известување за започнување со градба во системот е-дозволи и истото ви го доставуваме електронски;

5. За изградба на хидроцентралите претходно се изработени и одобрени, односно заверени урбанистичко- проектни документации согласно член 52 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 90/17, 64/18 и 168/18) и член 96 во дел Преодни и завршни одредби

од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ” бр.32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25 и 101/25).

Истите се водени во постапки во информацискиот систем е-урбанизам и тоа:

- постапка со број 28690:

ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ИЗГРАДБА НА МАЛА ХИДРО ЕЛЕКТРИЧНА ЦЕНТРАЛА ПАПРАД СО КАБЕЛ ЗА ЕНЕРГЕТСКИ ПРИКЛУЧОК, одобрен со Потврда за заверка со број 11-139/4 од 17.03.2023 година

- постапка со број 28691:

ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ИЗГРАДБА НА МАЛА ХИДРО ЕЛЕКТРИЧНА ЦЕНТРАЛА БАРОВ ДОЛ СО КАБЕЛ ЗА ЕНЕРГЕТСКИ ПРИКЛУЧОК, одобрен со Потврда за заверка со број 11-138/4 од 17.03.2023 година

5.1. Ве известуваме дека „јавен увид“ согласно закон се спроведува при одобрување на урбанистички проекти вон опфат на урбанистички план кои се одобруваат согласно Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ” бр.бр.32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25 и 101/25), што не е случај со овие два именувани проекти за инфраструктура;

6. Во постапката за одобрување на проекти за инфраструктура согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 90/17, 64/18 и 168/18) и член 96 во дел Преодни и завршни одредби од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ” бр.32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25 и 101/25) советот на Општина Кавадарци нема надлежност да одлучува по истите.

Прилози:

1.Одобрение за градење со арх.бр. 11-229 од 30.12.20224 за МХЦ Папрад
2.Одобрение за градење со арх.бр. 11-230 од 30.12.20224 за МХЦ Баров Дол;
3.Мислење од ЕВН со арх.бр.11-229
4.Мислење од ЈП Комуналец со арх.бр.11-229
5.Согласност од ДЗС со арх.бр.11-229
6. Мислење од ЕВН со арх.бр.11-230
7. Мислење од ЈП Комуналец со арх.бр.11-230
8. Согласност од ДЗС со арх.бр.11-230
9. Известување за започнување со градба